**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-3883/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 68-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 19.06.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,Гајур Рамадани, Анита Латифи , м-р Ристе Панов . |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека, Косана Николиќ Мазнева ,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ, Дарко Антовски- Раководител на Одделението за човечки ресурси, Насер Селмани-ЗНМ, Ана Блажева-Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје, Мариглен Демири - Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје |

Седницата започна во 13:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја отвори седницата и пред отпочнување со работа предложи да се промени дневниот ред , точка 2 да биде точка 1,од причина што на седницата се присутни надворешни лица и тоа: Насер Селмани-ЗНМ, Ана Блажева-Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје, Мариглен Демири - Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје

Програмскиот совет на МРТ се согласи со предлогот да се работи по следниов:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог Меморандум за соработка помеѓу Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, Здружението на новинари на Македонија-ЗНМ и Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на записникот од 66-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ.

3. Донесување на Одлука за давање согласност за именување на Одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ ;

4. Разно

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред

ТОЧКА 1: **Предлог Меморандум за соработка помеѓу Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, Здружението на новинари на Македонија-ЗНМ и Програмскиот совет на МРТ.**

Ана Блажева од Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје најпрво се заблагодари за поканата за присуство на седница на Програмскиот совет на МРТ со можност да го презентира Проектот –''Иницијатива за уредничка слобода : Нови политики и застапување засновано на податоци''. Главната цел на проектот е да ги процени ефектите на постоечките политики врз уредничката слобода кои произлегуваат од Законот за аудио и аудио-визуелни услуги и да покрене застапување засновано на податоци за нови предлози и решенија за политики кои ја штитат слободата на изразување.
Кога се подготвува Проект ,фокусот е утврдување на слободата на изразување, уредувачката слобода и истражување  дали и како  се остваруваат во стварност  постоечката регулатива и аспекти на постоечкиот Закон.
Ќе се спроведе и кампања како дел од процесот на застапување засновано на податоци која ќе има за цел да ги објасни и поттикне засегнтите страни и јавноста за потребата и релевантноста на предложените интервенции во политиките кои ќе призлезат од претходно спроведената анализа. Значајно е да се напомене дека Јавниот сервис го свртува вниманието и затоа се предлага да се изработи документ т.н. Програмски Правилник со кој би се зацврстила рамката за самостојна уредувачка слобода без никакво влијание на актуелните политички партии. Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје се обврзува посредување и водење на редовните средби на работните групи кои ќе овозможат ефективен дијалог помеѓу главните засегнати страни преку создавање консултативни механизми за развивање на предлозите и решенијата за политиките за прашањата поврзани со медиумската регулација и слободата на изразување.Исто така свој придонес дава и ЗНМ со учество во процесот на застапување за усвојување на предлозите и решенијата за политиките за прашањата поврзани со медиумската регулација и слободата на изразување. Повикот до граѓанските организации со свои податоци за создавање на свои проекти и желбата за соработка е градење на консултативни механизми и поставување на темели за саморегулација.

Насер Селмани- од ЗНМ исто така се заблагодари за остварената средба со членовите на Програмскиот совет на МРТ .Во своето излагање истакна дека МРТ како  Јавен сервис треба да биде столб на информирањето на јавноста и да ја исполни мисијата на јавен сервис како што е насекаде во регионот,а  работата на приватните комерцијални телевизии се политизирани кои се служат   со замајување на јавноста . Програмскиот совет има надлежност да ги носи правилата за програмските и професионалните стандарди на јавниот сервис, но од истражувањето се покажа дека вакви правила отсуствуваат.За жал Програмскиот совет и МТВ се заложници на политички игри и со последниот конкурс за избор на нов директор се пропушти можноста за промена на менаџирањето на МРТ и да се избегне партизација на Јавниот сервис.Предложените измени на  Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Агенцијата за медиуми требаше до сега да се имплементираат, а опозицијата го блокира процесот .

На седницата Ана Блажева подели 2 брошури  со содржина поврзана за  проектот и меморандумот за соработка.
Членовите Гајур Рамадани, Анита Љатифи и Ристе Панов истакнаа дека Програмскиот совет го направи изборот на директор на МРТ според избор на најдобра понудена програма за развој  на МРТ.
Исто така Гајур Рамадани истакна дека Програмскиот совет на МРТ до сега не донел некоја предложена Одлука која е наклонета кон некоја политичка партија и потврди дека нивната работа е најпрофесионална .

Насер Селмани смета дека Јавниот сервис треба да биде пред се политички, медиумски и финансиски независно тело. Програмскиот совет е телото кое има обврска да ги штити интересите на јавноста,а најпрво според нивно мислење е да се промени Етичкиот кодекс.

Снежана Клинчарова оцени дека во МРТ се неопходни реформи со измените на Законот, со отварање нови канали , но до сега никој истото не го спровел, иако имаше предлог од ОБСЕ дека во МРТ се потребни реформи и финаниска подршка за кои тие ќе се погрижат.

Претседателката Смилка Јанеска Саркањац праша како и на кој начин МРТ да успее да го подигне нивото и да го поврати рејтингот на гледаност. Програмскиот совет е отворен за соработка и од неодамнешната средба со претставници на УСАИД се отвори прашањето дали МРТ е релевантна телевизија, бидејќи во регионот телевизиите трпат политички притисоци.Програмскиот совет на МРТ бара начин како истото да се избегне и секако дека во МРТ се посакува да има промени и заеднички да се избегнат влијанијата на политичките партии.Значајно е да се напомене дека во однос на другите телевизии во регионот, МРТ е со најмал број вработени и со најмал финансиски фонд ,а се согласува дека промени треба да има на ниво на ангажирање на нови и добри новинари и да има поголема независност.Би сакала овој иницијален состанок да придонесе за остварување на предложените можности во проектот за изготвување на стратегија како МРТ да се извлече од моменталната ситуација вклучувајќи го и невладиниот сектор.

Снежана Клинчарова истакна дека спомenатиот проект со саморегулација е новинарите да се охрабрат во нивната работа и слободното информирање треба да профункционира и притоа да не се плашат дека ќе имаат последици од независното излагање.Добро е одблизу да се соочат и утврдат постоечките проблеми во куќата , а политичките партии треба целосно да се исклучат од реформите, треба ангажирање на млади новинари бидејќи не треба да се заборави дека исклучиво МРТ има програма на 9 јазика.

Ана Блажева истакна дека за изготвување на стратешки документ нема никаква пречка и може да се обележат точките за развој и функционирање со помош на ЗНМ и другите институции.Ако се изработува ваков документ би требало да се вклучат и новинари и да се формираат работни групи кои исклучиво ќе се фокусираат на јавниот сервис, ќе се ревидира Меморандумот за соработка и Етичкиот кодекс.Со еден проект и свој придонес ако може да се направи придвижување на саморегулацијата, бидејќи сите се свесни дека Јавниот сервис е во навистина незавидна ситуација.

Програмскиот совет на МРТ по расправата се заблагодари за учество во дебатата на претставниците - Насер Селмани од ЗНМ, Ана Блажева од Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје и Мариглен Демири од Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје

ТОЧКА 2: **Разгледување и усвојување на записникот од 66-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ.**

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Записникот од 66-та седница

ТОЧКА 3: **Донесување на Одлука за давање согласност за именување на Одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ ;**

Дарко Антовски- Раководител на Одделението за човечки ресурси,информира за текот на спроведувањето на постапката на објавениот интерен оглас каде беа пријавени само двајца кандидати.

Директорот на МРТ ,со Барањето за добивањето согласност бр.02-2985/9 од 18.06.2018година, го доставува и Мислењето на уредништвото бр.14-2985/8 од 18.06.2018година .Доколку Програмскиот совет на МРТ согласно Законот не даде согласност за именувањата или за разрешувањата на одговорните уредници во МРТ, за тоа писмено треба да го извести директорот на МРТ со детално образложение за причините поради кои не е дадена согласноста.
Програмскиот совет на МРТ по расправата едногласно ја донесе следнава :**О д л у к а**

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за именување на Одговорен уредник**
**на Прв програмски сервис на МТВ**

Член 1

I. Програмскиот совет на МРТ дава согласност за именување на Анета Андонова за Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ

Член 2

II. Оваа одлука стапува во сила од денот на донесувањето

Програмскиот совет на МРТ едногласно ја усвои Одлуката

**ТОЧКА 4:Разно**

Нема материјал

Седницата заврши во 14:40 часот

Програмски совет на ЈРП МРТ

________________________________

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац

претседател

Записникот го водеше
Менка Раичка Цветковска